ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Дата: 06.02.2014

# СООПШТЕНИЕ

## Истурена канцеларија во општина Шуто Оризари

Директорката на Фондот за здравствено осигурување, м-р Маја Парнарџиева Змејкова беше во работна посета на истурената канцеларија на ФЗОМ во општина Шуто Оризари.

Канцеларијата е сместена во просториите на зградата на Поликлиниката Шуто Оризари и е отворена секој работен ден од од 07:30 до 15:30 часот.

**Територија која ја опфаќа истурената канцеларија е следнава:**
Општина Шуто Оризари во која влегуваат селата горно и долно Оризари

**Напомена: Користењето на услугите е флексибилно, односно било кој граѓанин или здравствени установи од Скопје може да биде услужен во овие канцеларии независно каде живее, работи.**

**Услуги**
ФЗОМ за своите осигуреници и за фирмите ги обезбедува следните 4 процеси, односно 4 услуги, кои се воедно и најфреквентните. Шалтерските услуги кои ПС Скопје ги обезбедува на осигурениците а кои ќе бидат обезбедени во истурената канцеларија во Шуто Оризари се следниве:

| | | *Опфат – Шуто Оризари* |
|---|---|---|
| 1. | Прием на барање за издавање на ЕЗК | Поднесување на барање за издавање на ЕЗК и проверка на статус на ЕЗК |
| 2. | Пререгистрација | Пререгистрација на неосигурани лица |
| 3. | Прием на ИЛ обрасци | Пријава/одјава на ИЛ обрасци за сите избрани лекари кои се наоѓаат на територијата која ја покриваат истурените шалтери |
| 4. | Печатење на сини картони | Печатење на сини картони |

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Фондот за здравствено осирување на Македонија во општина Шуто Оризари овозможува за осигурениците од една страна да се растерети гужвата во подрачната служба Скопје на Фондот, а од друга страна да се скрати непотребното губење на време на 270 фирми и 17.300 осигуреници, како и на на 14 матични лекари и 4 стоматолози, кои патуваат од наведените локации до центарот на градот за да ги остварат своите права и правата на своите вработени од областа на здравственото осигурување.

Фондот за здравствено осигурување на Македонија посветено работи да биде поблизок до своите осигуреници и да им овозможува полесно остварување на своите права.